HALKBANK

# ПОЛИТИКА ЗА КОЛАЧИЊА (COOKIES)

Ние користиме колачиња (cookies) на нашата веб-страница www.halkbank.mk. Cookies се мал сет на податоци што веб-страницата ги складира на компјутерот или мобилниот уред на посетителот на веб-страницата. Овие датотеки можат да бидат прочитани од страна на веб страниците кои ги посетувате и да помогнат во Вашата идентификација кога повторно ќе ја отворите веб-страницата. Овие датотеки можат да бидат „постојани“ или „привремени“. Постојаните колачиња (cookies) остануваат на Вашиот компјутер или мобилен уред и кога ќе го исклучите пребарувачот (ќе преминете во offline состојба), додека привремените колачиња се бришат веднаш кога ќе го затворите интернет пребарувачот. Колачињата (cookies) се користат за повеќе цели, како на пример: за да се запомнат Вашите активности и преференции (јазични преференции, големина на фонт или како да ви се прикажува веб-страницата), за да се обезбеди персонализирана/приспособена содржина на веб-страницата и да се прикаже навигациската историја на истата.

## Зошто ние во ХАЛКБАНК АД Скопје користиме колачиња (cookies)?

На оваа веб-страница користиме колачиња (cookies) од следниве причини:

- За техничка функционалност на веб-страницата;
- За собирање на збирни и анонимни статистички податоци;
- За да ги запомниме Вашите преференции како да се прикажува страницата, како на пример контрастот на бојата или големината на фонтот;
- За маркетиншки цели;
- За да запомниме/да се потсетиме, дали се согласувате (или не) со нашето користење на колачиња (cookies) на нашата веб страница.

Кога ја посетувате нашата веб-страница, можеме да собереме некои податоци од Вашето пребарување, како на пример IP адресата, која содржина од веб-страницата на ХАЛКБАНК АД Скопје сте ја посетиле, кога сте ја посетиле и од која веб-страница сте биле пренасочени.

## Каков вид на колачиња (cookies) користиме?

### 1. Задолжителни (неопходни) колачиња во кои се вклучени:

### - Основни колачиња (сесиски колачиња)

Сесиските колачиња се привремени колачиња, кои се зачувуваат во датотеката на колачето на Вашиот интернет пребарувач додека не ја завршите сесијата на него. Овие колачиња се задолжителни за одредени апликации или функционалности на нашата веб-страница за нејзина правилна работа. Сесиските колачиња се користат со цел да Ви овозможиме да ги добиете услугите кои сте ги побарале преку нашата веб-страница. Без овие колачиња, услугите кои сте ги побарале нема да може да Ви бидат испорачани. Овие колачиња автоматски ќе бидат избришани од Вашиот уред со прекинување на тековната сесија или затворање на прелистувачот. Овие колачиња може да се користат за запомнување на Вашите претходни активности како што е на пример пополнување на формулар по електронски пат за добивање услуга или производ кои ги нудиме, при враќање на претходната страница за време на истата сесија (користење на „go back“ опција).

ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
Бул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт: + 389 (0)2 3240 800, www.halkbank.mk halkbank@halkbank.mk

**- Функционални (постојани) колачиња**

Ние користиме постојани колачиња за подобра услуга на нашите корисници (на пример, обезбедување оптимизирана навигација). Овие колачиња остануваат во датотеката на колачето на Вашиот пребарувач подолг временски период. Временскиот период зависи од изборот што ќе го направите во поставките на Вашиот интернет-пребарувач. Постојаните колачиња овозможуваат информациите да се пренесат на веб-серверот секој пат кога некој ќе ја посети веб-страницата. Тие можат да ги запомнат деталите за најавување кои го паметат пребарувањето/сесијата кога корисникот ќе го исклучи пребарувачот, со цел да се задржи состојбата на корисникот. Овие колачиња се зачувани на Вашиот компјутер или мобилен уред и не се бришат автоматски кога ќе го затворите прелистувачот, за разлика од колачето за сесија, кое се брише кога ќе го затворите прелистувачот. Постојаните колачиња се користат само за повторно да Ве идентификуваат при Вашата следна посета.
Овие колачиња ни овозможуваат да се запомнат претпочитаните опции кои сте ги избрале при претходната посета на нашата веб-страница, како што се јазикот, приказот на веб-страницата, дали некоја услуга или производ Ви биле веќе понудени за да не Ви се нудат повторно, информации за кои сте овозможиле одредена карактеристика на веб-страницата да функционира (на пр. видео материјали и визуелизации).

**- Колачиња за електронско банкарство**

Овие колачиња се користат во услугите за е-банкарството и мобилното банкарство на ХАЛКБАНК со цел обезбедување на подобра услуга (пр. запомнување на избран јазик).

**2. Аналитички колачиња во кои се вклучени:**

**Колачиња од трети страни „Third Party Cookies“**
Овие колачиња се користат за аналитика и за маркетинг. Тие прибираат информации кои се користат или во збирна форма, со што ни помагаат да разбереме како се користи нашата веб-страница или колку се ефективни нашите маркетинг-кампањи, или за да ни помогнат да ги приспособиме нашата веб-страница и нашите апликации со цел да го подобриме нивното користење. Колачињата можат да се користат во следниве категории: Google Analytics, Google Ads.

**3. Маркетинг колачиња**
Овие колачиња можат да бидат поставени преку нашата веб-страница за да ви се прикажуваат релевантни рекламни содржини. Овие колачиња не ги складираат директно вашите лични податоци, туку имаат за цел да го идентификуваат вашиот прелиствач и/или интернет уред. Овие колачиња може да се користат на нашата веб-страница за прибирање информации во врска со производите и услугите на Банката кои сте ги пребарувале, за да можеме да Ви обезбедиме содржини, препораки и реклами соодветно на Вашите интереси, како и да ни помогнат во мерењето на ефикасноста на рекламните кампањи. Колачињата можат да се користат во следниве категории: Facebook Pixel, LinkedIn Pixel, Visitor_INFO1_LIVE (Youtube).

**Можете ли да ги избришете или контролирате колачињата (cookies)?**

Информациите поврзани со колачињата (cookies), не се користат за Ваше лично идентификување. Прифаќањето на овие колачиња (cookies) не е неопходно за работа на веб страницата, но истите би Ви овозможиле подобро искуство во пребарувањето. Доколку сакате овие колачиња (cookies) можете да ги избришете или блокирате, но ако го сторите тоа некои карактеристики на нашата веб-страница можеби нема да работат правилно.

Можете да ги избришете сите колачиња (cookies) кои веќе се наоѓаат на Вашиот компјутер и можете да ги нагодите поголемиот дел од пребарувачите за нивно спречување. Доколку го сторите ова, можеби ќе има потреба рачно да ги прилагодувате преференциите секој пат кога посетувате веб-страница, а исто така можно е да не работат и некои услуги и функционалности.

Нагодувањето на колачињата може да го направите преку опцијата „Поставки за колачиња" каде може да ги нагодите колачињата кои не се задолжителни. Со кликање на копчето „не се согласувам" се оневозможуваат аналитичките и маркетинг колачињата, освен задолжителните колачиња кои секогаш остануваат активни бидејќи се неопходни за веб-страницата да може правилно да функционира.

**Доколку не сакате да користите колачиња**

Во случај кога не сакате да користите колачиња како што е наведено, или ако се премислите откако ќе се согласите со нашата употреба на колачињата, можете да ги избришете преку Вашиот пребарувач. Во продолжение се дадени примери на поставки за не следење „Do not track preferences". Функцијата за неследење им овозможува на поситителите да не бидат следени од веб-страниците. Оваа опција е возможна на повеќе интернет прабарувачи, како што се на пример:

- Chrome
- Microsoft edge
- Firefox
- Safari
- Opera

**Рок на задржување (траење) на колачињата**

**Категорија**: **Задолжителни (неопходни) колачиња**

- сесиските колачиња автоматски се бришат со прекинување на тековната сесија или затворање на прелистувачот
- функционалните (постојани) колачиња остануваат во датотеката на колачето на пребарувачот во временскиот период кој зависи од изборот што ќе го направите во поставките на Вашиот интернет-пребарувач

**Категорија**: **Аналитички (статистички) колачиња**

– колачиња кои се генерираат за аналитички цели при првата најава на нашите посетители кои се зачувуваат само уредот/преберувачот каде се поставени - две години од моментот на нивното поставување

- колачиња кои се поставуваат на уредот за да овозможат да се користи услугата Google Analytics и колачиња за тоа како посетителите ја користат веб-страницата заради креирање аналитички извештаи за тоа како работи веб-страницата – еден ден од моментот на нивното поставување

HALKBANK

**Категорија: Маркетинг колачиња**
- pixel tracking колачиња – три месеци од моментот на нивното поставување
- колачиња за посета што се поставуваат од YouTube со цел да се измери пропусниот опсег (bandwidth) за да се одреди дали содржините ќе се добиваат на нов интерфејс на плеерот или на претходниот (стариот) – шест месеци од моментот на нивното поставување
- сесиските маркетинг колачиња кои автоматски се бришат со прекинување на тековната сесија или затворање на прелистувачот
- постојани колачиња (согласно поставките на интернет-пребарувачот)

**Промена на Политиката за колачиња**

Политиката за колачиња редовно ќе се менува и дополнува соодветно на настанатите промени и нашите активности согласно закон.